# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**3598.**

Врз основа на член 80-а став 4 од Законот за лековите и медицинските помагала („Службен весник на Република Македонија" бр.106/07, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11 и 11/12), министерот за здравство, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ПАРАЛЕЛЕН УВОЗ НА ЛЕКОВИ

Член 1

Во Правилникот за добивање на одобрение за паралелен увоз на лекови („Службен весник на Република Македонија" бр.33/12) во член 3 во ставот 1 точката 22) се брише.

Точките 23) и 24), стануваат точки 22) и 23).

Во ставот 2 бројот „24" се заменува со бројот „23".

Во ставот 3 по бројот „20" запирката се заменува со сврзникот „и", а зборовите „и 22" се бришат.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.07-8707/3
14 ноември 2012 година
Скопје

Министер за здравство,
**Никола Тодоров**, с.р.

---

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**3599.**

Врз основа на член 61 став 2 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/97, 25/00, 101/00, 50/01, 25/03, 37/04, 4/05, 50/06, 29/07, 102/08, 161/08, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12 и 114/12), министерот за труд и социјална политика, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА РЕГИСТРИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистрите на:

- евидентирани невработените лица,
- евидентирани лица со привремена неможност за вработување,
- учесници во програми на активни политики за вработување,
- евидентирани други лица кои бараат работа и
- корисници на јавни средства од Агенцијата за вработување на Република Македонија (во натамошниот текст: Агенцијата) и спроведувачи на мерки.

### 1. РЕГИСТАР НА ЕВИДЕНТИРАНИ НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА

Член 2

Во регистарот на евидентирани невработени лица се воведуваат лицата кои се пријавиле во Агенцијата со поднесување на пополнет и своерачно потпишан образец - Пријава за воведување во регистарот (во натамошниот текст: Пријава), кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Кон пријавата од став 1 на овој член се приложува:

- важечка лична карта за докажување на идентитетот на лицето која се дава на увид, освен во случај на електронско пријавување со квалификувана дигитална потврда и
- документ за образование – (свидетелство или диплома за завршено образование), во оргинал на увид.

### 2. РЕГИСТАР НА ЕВИДЕНТИРАНИ ЛИЦА СО ПРИВРЕМЕНА НЕМОЖНОСТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Член 3

Во регистарот на евидентирани лица со привремена неможност за вработување се воведуваат лицата од денот на настанувањето на привремената неможност за вработување, согласно закон.

## 3. РЕГИСТАР НА УЧЕСНИЦИ ВО ПРОГРАМИ НА АКТИВНИ ПОЛИТИКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Член 4

Лицата евидентирани во регистарот на евидентирани невработени лица се воведуваат во регистарот на учесници во програми на активни политики за вработување, по службена должност во периодот на траењето на програмата.

## 4. РЕГИСТАР НА ЕВИДЕНТИРАНИ ДРУГИ ЛИЦА КОИ БАРААТ РАБОТА

Член 5

Во регистарот на евидентирани други лица кои бараат работа се воведуваат лицата кои се пријавиле во Агенцијата, со поднесување на пополнета и своерачно потпишана пријава согласно член 2 од овој правилник.

Во регистарот од став 1 на овој член се воведуваат и другите лица кои бараат работа поради загрозено вработување со поднесување на:

- писмено известување од работодавачот во врска со планираниот отказ на договорот за вработување од деловни причини,
- договорот за вработување на определено време кој истекува најмногу за три месеци или
- писмено известување од работодавачот за откажување на договорот за вработување од страна на работодавачот.

## 5. РЕГИСТАР НА КОРИСНИЦИ НА ЈАВНИ СРЕДСТВА ОД АГЕНЦИЈАТА И СПРОВЕДУВАЧИ НА МЕРКИ

Член 6

Во регистарот на корисници на јавни средства од Агенцијата и спроведувачи на мерки се воведуваат деловните субјекти спроведувачи на мерки, од денот на склучување на договор или друг акт, кој претставува основа за правото на користење на овие средства, а престанува да се води во регистарот на корисници на јавни средства од Агенцијата и спроведувачи на мерки, кога се исполнети сите обврски од правниот однос, кој бил основа за исплата.

Член 7

Регистрите од членот 1 од овој правилник се водат во електронска форма.

Член 8

Како ден на пријавување се смета денот на предавањето на своерачно потпишаната пријава од член 2 од овој правилник, а кога пријавата се поднесува електронски како ден на пријавување се смета денот кога пријавата е примена од информатичкиот систем за пријавување во евиденција.

Член 9

Одјавата од регистарот на евидентирани невработените лица се врши по барање на евидентираните невработени лица или по службена должност, согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

## ПРЕОДНА ОДРЕДБА

Член 10

Лицата кои на денот на отпочнувањето на примената на овој правилник се евидентирани во Агенцијата, се воведуваат во регистрите од член 1 од овој правилник во роковите за нивно редовно пријавување на невработено лице во Агенцијата.

## ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија” бр. 114/12).

Бр. 08-7504/1
20 ноември 2012 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Спиро Ристовски**, с.р.

Прилог

Агенција за вработување на Република Македонија

Центар за вработување ________________

**Пријава за воведување во регистар**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Матичен број на граѓанинот | |
| 2 | Презиме | |
| | Татково име | |
| | Име | |
| | **Податоци за раѓањето** | |
| 3 | Датум на раѓање (ден, месец, година) | |
| | Населено место | |
| | Општина | |
| | Држава | |
| 4 | Пол | 1. машки 2. женски |
| 5 | Припадност на заедница (националност) | |
| 6 | Брачна состојба | 1. во брак 2. не е во брак |
| | **Контакт информации** | |
| 7 | Населено место | |
| | Општина | |
| | Држава | |
| | Улица и број | |
| | Телефони | |
| | E-mail адреса | |
| | **Податоци од лична карта** | |
| 8 | Број на лична карта | |
| | Датум на издавање | |
| | Важи до датум | |
| | Живеалиште | |
| | Адреса | |
| 9 | Писменост | 1.писмен 2. неписмен |
| | **Податоци за образованието со највисок степен** | |
| 10 | Степен на училишно образование | I II III IV VБ VA VIБ VIA VIIБ VIIA VIII |
| | Вид на завршено училиште (установа каде завршил) | |
| | Датум на завршено образование | |
| | Степен на стручна подготовка | НКВ ПКВ КВ ВКВ НСО ССО ВШО ВСО |
| | Образовен профил (назив од диплома) | |
| | Број и датум на диплома/сведителство | |
| | Дали има прилог копија | 1. да 2. не |
| | **Податоци за други образованија од понизок или ист степен** | |
| 11 | Степен на училишно образование | I II III IV VБ VA VIБ VIA VIIБ VIIA VIII |
| | Вид на завршено училиште (установа каде завршил) | |
| | Степен на стручна подготовка | НКВ ПКВ КВ ВКВ НСО ССО ВШО ВСО |
| | Образовен профил (назив од диплома) | |
| | Број и датум на диплома/сведителство | |
| | Дали има прилог копија | 1. да 2. не |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Степен на училишно образование | I II III IV VБ VA VIБ VIA VIIБ VIIA VIII |
| | Вид на завршено училиште (установа каде завршил) | |
| | Степен на стручна подготовка | НКВ ПКВ КВ ВКВ НСО ССО ВШО ВСО |
| | Образовен профил (назив од диплома) | |
| | Број и датум на диплома/сведителство | |
| | Дали има прилог копија | 1. да 2. не |
| 13 | Степен на училишно образование | I II III IV VБ VA VIБ VIA VIIБ VIIA VIII |
| | Вид на завршено училиште (установа каде завршил) | |
| | Степен на стручна подготовка | НКВ ПКВ КВ ВКВ НСО ССО ВШО ВСО |
| | Образовен профил (назив од диплома) | |
| | Број и датум на диплома/сведителство | |
| | Дали има прилог копија | 1. да 2. не |
| 14 | Дали е корисник на социјална помош | 1. да 2. не |
| 15 | Дали е самохран родител | 1. да 2. не |
| 16 | Дали е регистриран како индивидуален земјоделец | 1. да 2. не |
| 17 | Дали има бенефициран стаж | 1. да 2. не |
| 18 | Вкупен работен стаж (години, месеци, денови) | |
| 19 | **Занимања во кои бара работа (според НКЗ, односно ISCO)** | |
| | 1. | |
| | 2. | |
| | 3. | |
| | 4. | |
| | 5. | |
| 20 | **Неформално работно искуство (занимања во кои работел според НКЗ, односно ISCO)** | |
| | 1. Занимање | |
| | Работодавач, период од-до | |
| | 2. Занимање | |
| | Работодавач, период од-до | |
| | 3. Занимање | |
| | Работодавач, период од-до | |
| 21 | **Завршени курсеви и семинари, стекнати лиценци и сертификати** | |
| | 1. | |
| | 2. | |
| | 3. | |
| | 4. | |
| 22 | **Компјутерски познавања и вештини** | |
| | Основни познавања (Windows, Интернет) | 1. да 2. не |
| | Текст процесори и таблични калкулатори (Word, Excel) | 1. да 2. не |
| | CAD/CAM (Autocad, Arhicad) | 1. да 2. не |
| | Графички дизајн и DTP | 1. да 2. не |
| | LAN / WAN мрежи | 1. да 2. не |
| | Програмски јазици (наведете кои) | |
| | Оперативни системи (наведете кои) | |
| | Други познавања (наведете кои) | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 23 | **Познавање на странски јазици** | | | | |
| | 1. | ☐ разбирам | ☐ зборувам | ☐ читам | ☐ пишувам |
| | 2. | ☐ разбирам | ☐ зборувам | ☐ читам | ☐ пишувам |
| | 3. | ☐ разбирам | ☐ зборувам | ☐ читам | ☐ пишувам |
| 24 | **Други способности и вештини кои ги поседува лицето** | | | | |
| | 1. | | | | |
| | 2. | | | | |
| | 3. | | | | |
| | 4. | | | | |
| | 5. | | | | |
| 25 | Возачка дозвола | A B C D E | | | |
| 26 | Дали би прифатиле работа со постојано патување | 1. да 2. не | | | |
| 27 | **Прилог за инвалидно лице** | | | | |
| | Потекло на инвалидност | **1.вродена 2.инвалид на труд 3.воен инвалид 4.цивилен инвалид од војната** | | | |
| | Категорија на инвалидност | **1. загубена 2. намалена односно преостаната** | | | |
| | Вид на оштетување | | | | |
| | Степен на оштетување (во проценти) | | | | |
| | Датум на решението за инвалидност | | | | |
| | Број на решението за инвалидност | | | | |
| | Институција која го издала решението за инвалидност | | | | |
| | Дали е способен да работи | 1. да 2. не | | | |
| | Корисник на паричен надомест за инвалидност | 1. да 2. не | | | |
| 28 | **Датум на воведување во регистарот** | | | | |

Потпис на службеникот ______________________

Во прилог кон Пријавата потребно е да се доставаат:
- важечка лична карта на увид
- свидетелство/ диплома за завршено образование во оргинал на увид, наведени под реден број 10, 11, 12 и 13

**Одберете во кој регистар сакате да бидете воведени и потпишете една од долунаведените Изјави (се пополнува и потпишува само една од изјавите – не двете):**

Јас, долупотшаниот ___________________ изјавувам дека се пријавувам за воведување во **регистарот на евидентирани невработени лица** и прифаќам да се пријавувам на секои 30 дена во Агенцијата за вработување, активно да барам работа и да го докажувам истото, да изготвам и потпишам индивидуален план за вработување, да ги следам и исполнувам обврските кои ќе ги превземам со истиот, како и обврските утврдени со Законот.

_____________________

(своерачен потпис)

Јас, долупотшаниот ___________________ изјавувам дека се пријавувам за воведување во **регистарот на други лица кои бараат работа** и прифаќам да се пријавувам на секои 6 месеци во Агенцијата за вработување, без да имам обврска за активно барање работа и докажување на истото, без да имам обврска за изготвување и потпишување на индивидуален план за вработување, а притоа го задржувам правото, во секое време да можам да поднесам пријава за воведување во регистарот на евидентирани невработени лица, доколку ги исполнувам условите предвидени во Законот.

____________________ (своерачен потпис)

---

Јас долупотпишаниот ___________________ под полна морална, кривична и материјална одговорност изјавувам дека сите податоци кои ги дадов во овој образец се вистинити и точни, како и дека во рок од осум дена ќе ја известам Агенцијата за вработување, доколку настане било каква промена на податоците, која влијае врз исполнување на условите за водење или престанок на водењето во регистарот.

____________________ (своерачен потпис)